Република Северна Македонија
Општина Новаци

бр. 09-356/7
03.04 2025 год.
Новаци

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

До
Надлежни субјекти

Предмет: Соопштение за Јавен повик за одржување на **повторна** Јавна презентација и Јавна анкета по Урбанистички план **за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.**

Почитувани,

Согласно член 28 и 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), Ве известуваме за одржување на Јавна анкета и Јавна презентација по **Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.**

Опфатот е со површина од **34.30 ха**.

Јавениот повик за повторна Јавна анкета и Јавна презентација по **Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година,** ќе се спроведе во период од **04,04,2025г до 20,04,2025г**. Јавната анкета и Јавната презентација ќе се спроведат преку информацискиот систем на е-урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), а ќе се објават на официјалната веб страна на Општина Новаци (https://opstinanovaci.gov.mk), огласна табла на Општина Новаци, печатени плакати и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Повторната Јавна анкета ќе трае **најмалку 10** денови од денот на објавувањето на Соопштението и тоа **од 22,04,2025г. до 07.05.2025г.**, а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **25.04,2025г (петок)** во 12.00ч во просториите на Општина Новаци-сала на Совет на Општина.

Планскиот опфат на УПС Рибарци се наоѓа во КО Рибарци. Граници на планскиот опфат по границите на парцели се :

Од **најсеверната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат минува низ КП 512, се движи по северната граница на КП 302, се движи по источната граница на КП 302, минува низ КП 308, се движи по северна граница на КП 309, се совпаѓа со источна граница на КП 309, се движи по источна граница на КП 332/1, КП 334, сесовпаѓа со источна граница на КП 335, КП 403, КП 402, КП 401, КП 399, се движи по источна граница на КП 398, се движи по северна граница на КП 397, се совпаѓа со источна граница на КП 396 и стигнува до најисточна точка на планскиот опфат.

Од **најисточната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се совпаѓа со источна граница на КП 423, се движи по јужната граница на КП 423, се совпаѓа со источна граница на КП 431, се движи по јужната граница на КП 431, се совпаѓа со источната и јужната граница на КП 433, се движи по западната граница на КП 433, минува низ КП 438, се движи по јужната граница на

КП 436, се совпаѓа со источната граница на КП 488/3, се движи по северната граница на КП 500/1, минува низ КП 500/1,се движи по источната граница на КП 500/1 и стигнува до најјужната точка напланскиот опфат.

Од **најјужната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува да се движи во северен правец по западната граница на КП 500/1, се движи по западната граница на КП 488/3, минува низ КП 511, КП 475 и КП 476, се совпаѓа со јужната граница на КП 474/2, минува низ КП 471 и КП 480, се движи по западната граница на КП 471, КП 456, КП 458/3 и тука стигнува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од **најзападната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува да се движи во северен правец, минувајќи низ КП 458/3, КП 458/4, КП 456, се движи по граница на КП 456, минува низ КП 511, се движи по западна граница на КП 512 и стигнува до најсеверната точка на планскиот опфат.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Молам за задолжително присуство на стручната расправа
За евентуална спреченост јавете се на телефон 047/203-060

Градоначалник на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци